**ВЕШТО ЛИЦЕ:**
**XXXX YYYY**
**БР.ЛИЦЕНЦА 09-11**
**E-mail: xxxx.yyyy@yahoo.com**

# Наод и Мислење 5

**БАРАТЕЛ: НАСЕР ЈОНУЗИ и ЈАСТРЕБ ТРИ ДООЕЛ Чаир,**
**преку Адвокат Дејан Додиќ**

**Март, 2025**



Размножување на извештајот, освен во целост, не е дозволено. / This report shall not be reproduced except in full.

## ВЕШТ НАОД И МИСЛЕЊЕ

## ВОВЕД

На Барање на **Насер Јонузи и ЈАСТРЕБ ТРИ ДООЕЛ Чаир**, доставено преку Адвокат Дејан Додиќ, треба да се изготви економско финансиско вештачење на следниве околности и тоа:

- Колку изнесува штетата што **Насер Јонузи и ЈАСТРЕБ ТРИ ДООЕЛ Чаир,** ја имаат претрпено како резултат на прекинот на деловната дејност предизвикан од самовластието на Фекри Шабани од Чаир, кривично дело утврдено со правосилна Пресуда К.125/24 од 26.08.2024 г. на Основен суд Сарај.
- Колку изнесува испуштената корист на **Насер Јонузи и ЈАСТРЕБ ТРИ ДООЕЛ Чаир,** настаната како резултат на прекинот на деловната дејност предизвикан од самовластието на Фекри Шабани од Чаир, кривично дело утврдено со правосилна Пресуда К.125/24 од 26.08.2024 г. на Основен суд Сарај.

Вештото лице изврши увид и вештачење на следнава документација прибавена од барателот на вештачењето:

- Пресуда К.125/24 од 26.08.2024 г. на Основен суд Сарај;
- Пресуда КЖ.1253/24 од 03.12.2024 г. на Апелационен суд Скопје,
- Договор за закуп бр.03-130 од 25.02.2019 г. склучен помеѓу НАСЕР ЈОНУЗИ, како закупец, и БАЈРАМ ДОО, како закуподавач;
- Договор за ортаклук од 01.03.2019 г. склучен помеѓу НАСЕР ЈОНУЗИ и ДТУ ЈАСТРЕБ ТРИ ДООЕЛ Чаир,
- Преглед на податоци од годишната сметка за период 2022, 2023 и 2024 г. на ДТУ ЈАСТРЕБ ТРИ ДООЕЛ Чаир;
- Аналитчка картица на ДТУ ЈАСТРЕБ ТРИ ДООЕЛ Чаир за конто 3100 Суровини и материјали на залиха за период 01.01.2024 – 31.12.2024 г.;
- МПИН Декларации за плата за вработени во ДТУ ЈАСТРЕБ ТРИ ДООЕЛ Чаир за период 11/23, 12/23, 01/24 и 02/24;
- Пријава / Одјава во задолжително социјално осигурување – Образец М1/М2 од 02.02.2024 г. за осигуреник Садије Флорими вработена во ДТУ ЈАСТРЕБ ТРИ ДООЕЛ Чаир;
- Пријава / Одјава во задолжително социјално осигурување – Образец М1/М2 од 02.02.2024 г. за осигуреник Кадри Флорими вработен во ДТУ ЈАСТРЕБ ТРИ ДООЕЛ Чаир;
- Пријава / Одјава во задолжително социјално осигурување – Образец М1/М2 од 18.03.2024 г. за осигуреник Садије Флорими вработена во Друштво за угостителство, трговија и услуги АДЕЛИНА - ЛИНА ДООЕЛ Чаир;
- Пријава / Одјава во задолжително социјално осигурување – Образец М1/М2 од 18.03.2024 г. за осигуреник Кадри Флорими вработен во Друштво за угостителство, трговија и услуги АДЕЛИНА - ЛИНА ДООЕЛ Чаир;
- Изјава на Кадри Флорими управител на ДТУ ЈАСТРЕБ ТРИ ДООЕЛ Чаир за отпис на роба;



Размножување на извештајот, освен во целост, не е дозволено. / This report shall not be reproduced except in full.

## ФАКТИЧКА СОСТОЈБА

1. На ден 01.03.2019 г. помеѓу БАЈРАМ ДОО како закуподавач и НАСЕР ЈОНУЗИ од Чаир, како закупец, е склучен Договор за закуп на деловна просторија (арх.бр.03-130 од 25.02.2019 г.) лоцирана во Чаир на ул.Џон Кенеди бр.28 со површина од 56 м2 сопственост на БАЈРАМ ДОО, со важност од 01.03.2019 година до 28.02.2030 година, со месечна закупнина од 5.000,00 денари, а во случај на спор по овој договор надлежен е Основен суд Сарај.

На ден 01.03.2019 г. е склучен Договор за ортаклук помеѓу НАСЕР ЈОНУЗИ од Чаир и правното лице Друштво за трговија и угостителство ЈАСТРЕБ ТРИ ДООЕЛ увоз-извоз со седиште во Чаир на ул.Џон Кенеди бр.28 преку управител Кадри Флорими од Чаир, кои како ортаци се договориле да го здружат својот имот, труд или дел од имот и труд, заради заедничко остварување на имотна корист и еднаква поделба на таа корист во вид на добивка, како и заедничко учество во трошоците, што е регулирано со овој договор, а во случај на спор е надлежен Основен суд Сарај.

На ден 31.01.2024 г. во 18.30 часот, во деловниот простор – сопственост на БАЈРАМ ДОО кој се наоѓа на ул.Џон Кенеди бр.28 во Чаир (кај пазарот), во услови на постоење на важечки договор за закуп бр.03-130 од 25.02.2019 г. склучен помеѓу НАСЕР ЈОНУЗИ, како закупец и БАЈРАМ ДОО, како закуподавач, со рок на важност до 2030 г., Фекри Шабани по вербална расправија со НАСЕР ЈОНУЗИ и неговиот ортак, неосновано ги предупредил да го напуштат деловниот простор и да ја прекинат дејноста која ја извршуваат во дуќанот, по завршување на работното време на дуќанот истиот противправно, на начин што, со преземање на дејствије со кое откако го ангажирал/најмил хаус мајсторот – лицето Мумин Абази од Чаир, насилно ја отворил влезната врата на дуќанот и извршил промена на бравата на објектот и ставил натпис СЕ РЕНОВИРА, си присвоил или прибавил право што сметал дека му припаѓа. Со опишаното дејствије, Основниот суд во Сарај има донесено Пресуда К.125/24 од 26.08.2024 г., која е потврдена со Пресуда КЖ.1253/24 од 03.12.2024 г. на Апелационен суд Скопје, со која го има осудено лицето Фекри Шабани за кривично дело Самовластие од чл.392 ст.1 од Кривичниот законик. Со Пресудата НАСЕР ЈОНУЗИ од Чаир, како оштетен се упатува имотно – правното барање да го остварува во спор.

2. Од увидот во Завршната сметка за 2022 и 2023 година, конкретно Билансот на успех, се утврдува дека Друштвото за трговија и угостителство ЈАСТРЕБ ТРИ ДООЕЛ увоз-извоз со седиште во Чаир, ги има остварено следниве финансиски показатели:

| Опис | 2022 | 2023 |
|---|---:|---:|
| Приходи од работењето | 1.760.757,00 | 1.737.274,00 |
| Расходи од работењето | 1.549.949,00 | 1.518.620,00 |
| **Нето добивка** | **210.808,00** | **218.654,00** |

Просечно остварената добивка во двете години изнесува 214.731,00 денари.

Како што е посочено погоре, во деловната 2024 г. Друштвото работело заклучно со 31.01.2024 г. кога како што е наведено во Пресудата К.125/24 од 26.08.2024 г., Друштвото присилно било попречено во остварувањето на деловната дејност, која единствено ја обавувало во деловната просторија на ул.Џон Кенеди бр.28 во Чаир.



Размножување на извештајот, освен во целост, не е дозволено. / This report shall not be reproduced except in full.

Според писмената Изјава дадена од Кадри Флорими, управител на ДТУ ЈАСТРЕБ ТРИ ДООЕЛ Чаир, бидејќи деловниот простор неовластено бил затворен и бравата заменета, Друштвото било оневозможено да ја врши дејноста на подготовка на храна во објектот, поради што во објектот останале затворени неискористени суровини за подготовка на храна, чиј што рок на употреба е изминат за период од година дена. Поради наведеното, управителот му има наложено на сметководството да изврши отпис на робата во вредност од 486.045,00 денари.

Според Пријава / Одјава во задолжително социјално осигурување – Образец М1/М2 од 02.02.2024 г. во ДТУ ЈАСТРЕБ ТРИ ДООЕЛ Чаир биле вработени две лица:

- Кадри Флорими, заснован работен однос 09.05.2018 г., престанок на работен однос 02.02.2024 г.,
- Садије Флорими, заснован работен однос 14.11.2023 г., престанок на работен однос 31.01.2024 г.

Престанокот на работниот однос на двете лица е настанат како резултат на присилното попречување во остварувањето на деловната дејност на Друштвото и остварувањето на приходи.

Видно од МПИН Декларации за плата за вработени во ДТУ ЈАСТРЕБ ТРИ ДООЕЛ Чаир за период 01/24, бруто месечните примања на двајцата вработени изнесуваат 62.116,00 денари, од кој 20.116,00 денари се социјални придонеси и персонален данок, додека 42.000,00 денари се нето ефективните плати.

Според Пријава / Одјава во задолжително социјално осигурување – Образец М1/М2 од 18.03.2024 г. за вработени лица во Друштво за угостителство, трговија и услуги АДЕЛИНА - ЛИНА ДООЕЛ Чаир се утврдува дека лицето:

- Кадри Флорими, има заснован работен однос во ова Друштво на ден 01.03.2024 г.,
- Садије Флорими, има заснован работен однос во ова Друштво на ден 15.03.2024 г..

Од погоре наведените показатели се утврдува дека:

- лицето Кадри Флорими, има прекин на работниот однос во период од 02.02.2024 г. до 28.02.2024 г., додека
- лицето Садије Флорими, има прекин на работниот однос во период од 01.02.2024 г. до 14.03.2024 г.

Оттука, како резултат на присилното попречување во остварувањето на деловната дејност на Друштвото ДТУ ЈАСТРЕБ ТРИ ДООЕЛ Чаир, настанат е прекин на работниот однос кај двајца вработени, кои во периодот додека биле невработени не примиле бруто плата во севкупен износ од 74.699,00 денари и тоа:

- лицето Кадри Флорими во бруто износ од 28.112,00 денари, од кои износ од 9.112,00 денари за социјални придонеси и персонален данок, и износ од 19.000,00 денари нето ефективна плата,
- лицето Садије Флорими во бруто износ од 46.587,00 денари, од кои износ од 15.087,00 денари за социјални придонеси и персонален данок, и износ од 31.500,00 денари нето ефективна плата.

Од увидот во Завршната сметка за 2024 година, конкретно Билансот на успех, се утврдува дека Друштвото за трговија и угостителство ЈАСТРЕБ ТРИ ДООЕЛ  Чаир, ги има остварено следниве финансиски показатели:



Размножување  на извештајот, освен во целост, не е дозволено. / This report shall not be reproduced except in full.

| Опис | 2024 |
|---|---|
| Приходи од работењето | 100.550,00 |
| Расходи од работењето | 727.849,00 |
| **Нето загуба** | **-627.299,00** |

Се утврдува дека Друштвото ЈАСТРЕБ ТРИ ДООЕЛ Чаир во 2024 г. има остварено загуба во работењето. Остварената загуба е резултат на присилното попречување и неможноста за остварување на деловната дејност на Друштвото. Во расходите односно направените трошоци на Друштвото се прокнижени и отписот на робата во вредност од 486.045,00 денари.

Врз основа на вака изведената фактичка состојба, го давам следново

**М И С Л Е Њ Е**

по однос на предметните околности посочени со Барањето за економско-финансиско вештачење:

1) *Колку изнесува штетата што Насер Јонузи и ЈАСТРЕБ ТРИ ДООЕЛ Чаир, ја имаат претрпено како резултат на прекинот на деловната дејност предизвикан од самовластието на Фекри Шабани од Чаир, кривично дело утврдено со правосилна Пресуда К.125/24 од 26.08.2024 г. на Основен суд Сарај?*

НАСЕР ЈОНУЗИ од Чаир и правното лице Друштво за трговија и угостителство ЈАСТРЕБ ТРИ ДООЕЛ увоз-извоз со седиште во Чаир на ул.Џон Кенеди бр.28 преку управител Кадри Флорими од Чаир, на ден 01.03.2019 г. имаат склучено Договор за ортаклук, со кој се договориле да го здружат својот имот, труд или дел од имот и труд, заради заедничко остварување на имотна корист и еднаква поделба на таа корист во вид на добивка, како и заедничко учество во трошоците.

Како резултат на присилното попречување во остварувањето на деловната дејност на Друштвото ЈАСТРЕБ ТРИ ДООЕЛ , во деловниот простор кој бил под закуп на лицето НАСЕР ЈОНУЗИ, предизвикано од самовластието на Фекри Шабани констатирано со Пресуда К.125/24 од 26.08.2024 г., ортаците НАСЕР ЈОНУЗИ и Друштвото ЈАСТРЕБ ТРИ ДООЕЛ **имаат претрпено загуба во работењето за 2024 г. во износ од 627.299,00 денари**, од кои:

- НАСЕР ЈОНУЗИ има загуба во износ од 313.650,00 денари,
- Друштвото ЈАСТРЕБ ТРИ ДООЕЛ има загуба во износ од 313.650,00 денари.

Дополнително, како резултат на присилното попречување во остварувањето на деловната дејност на Друштвото ДТУ ЈАСТРЕБ ТРИ ДООЕЛ Чаир, настанат е прекин на работниот однос кај двајца вработени, кои во периодот додека биле невработени **не примиле бруто плата во севкупен износ од 74.699,00 денари и тоа**:

- лицето Кадри Флорими во бруто износ од 28.112,00 денари, од кои износ од 9.112,00 денари за социјални придонеси и персонален данок, и износ од 19.000,00 денари нето ефективна плата, за период од 02.02.2024 г. до 28.02.2024 г.,



Размножување на извештајот, освен во целост, не е дозволено. / This report shall not be reproduced except in full.

- лицето Садије Флорими во бруто износ од 46.587,00 денари, од кои износ од 15.087,00 денари за социјални придонеси и персонален данок, и износ од 31.500,00 денари нето ефективна плата, за период од 01.02.2024 г. до 14.03.2024 г.

*2) Колку изнесува испуштената корист на Насер Јонузи и ЈАСТРЕБ ТРИ ДООЕЛ Чаир, настаната како резултат на прекинот на деловната дејност предизвикан од самовластието на Фекри Шабани од Чаир, кривично дело утврдено со правосилна Пресуда К.125/24 од 26.08.2024 г. на Основен суд Сарај.*

Од увидот во Завршната сметка за 2022 и 2023 година, конкретно Билансот на успех, се утврдува дека Друштвото за трговија и угостителство ЈАСТРЕБ ТРИ ДООЕЛ увоз-извоз со седиште во Чаир, ги има остварено следниве финансиски показатели:

| Опис | 2022 | 2023 |
|---|---|---|
| Приходи од работењето | 1.760.757,00 | 1.737.274,00 |
| Расходи од работењето | 1.549.949,00 | 1.518.620,00 |
| **Нето добивка** | **210.808,00** | **218.654,00** |

Просечно остварената добивка во двете години изнесува 214.731,00 денари.

Како резултат на прекинот на деловната дејност предизвикан од самовластието на Фекри Шабани од Чаир, кое кривично дело е утврдено со правосилна Пресуда К.125/24 од 26.08.2024 г. на Основен суд Сарај, Друштвото ДТУ ЈАСТРЕБ ТРИ ДООЕЛ Чаир во 2024 г. има остварено загуба, дополнително **Друштвото во 2024 г. е оневозможено да оствари добивка во висина на просекот од двете претходни години односно 214.731,00 денари**. Ако се има предвид Договорот за ортаклук, каде што е пропишана еднаква поделба на користа во вид на добивка помеѓу ортаците, тогаш се утврдува дека како резултат на присилното попречување во остварувањето на деловната дејност:

- НАСЕР ЈОНУЗИ не остварил добивка во износ од 107.366,00 денари,
- Друштвото ЈАСТРЕБ ТРИ ДООЕЛ не остварило добивка во износ од 107.366,00 денари.

**Вешто лице:**

XXXX YYYY
Бр. лиценца 09-11



Размножување на извештајот, освен во целост, не е дозволено. / This report shall not be reproduced except in full.